Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-459/2
__________ година
12-09-2023

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08-459/1 од 14.08.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-459/1 од 14.08.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, преку законски застапник [redacted] **поради ненадлежност.**

## Образложение

Подносителот во претставката наведува дека лицето [redacted] имено [redacted] на 18.06.2023 година на својот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ направил објава со содржината „#НАЦИСТИЧКАВА политика на Бугарија кон Македонците ЈА РАЗБИРАМ како голем ОЧАЈ да украде ТУЃ идентитет, затоа што сопствен НЕМААТ...“. Во претставката се наведува дека со таквата објава се изнеле невистинити факти, нарекувајќи ја бугарската политика „нацистичка“, па со тоа именуваниот ширел омраза, раздор, нетрпеливост. Следствено, подносителот од Комисијата бара постапување за заштита од дискриминација согласно член 9 и член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти и околности во претставката утврди дека наведениот текст индицира или претпоставува кривично дело повреда на углед на странска држава во смисла на член 181 од Кривичниот законик, според кој „Тој што со намера за исмејување јавно ќе изложи на подбив странска држава, нејзиното знаме, грб или химна или шеф на странска држава или дипломатски претставник на странска држава во Република Македонија, ќе се казни со парична казна.“. Оттука, таквата работа не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, туку е во надлежност на Основното јавно обвинителство како орган надлежен за кривично гонење. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

[redacted]

*- Архива на Комисијата*



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk